РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Јавно претпријатие за комунални работи "СОЛИДАРНОСТ" ц.о. ВИНИЦА

| Примено: | 03 06 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 582 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 677
28.05.2026 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19“ и „Сл. весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25“), член 18 став 5 и член 37 од Законот за гробишта и погребални услуги („Сл.весник на РМ број 86/2008, 156/2010, 53/2011, 163/2013, 152/2015, 31/2016“ и „Сл.весник на РСМ број 88/2020, 255/2024 и 101/2025“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А
## За давање Согласност на Одлука за пристап и користење на комунална инфраструктура на гробишта

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за пристап и користење на комунална инфраструктура на гробишта, број 02-543/9 од 20.05.2026 година, донесена од Управниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница, со која се утврдува надоместок за пристап и користење на гробишната инфраструктура на гробиштата од страна на:

-оператори за погребални услуги
-каменорезци за изработка и поставување на надгробни споменици

Член 2

За пристап и користење на гробишната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор за погребални услуги се утврдува надоместок во износ од:

- 500,00 денари по поединечна интервенција/извршена услуга

Член 3

За вршење на градежно-занаетчиски работи (изработка, монтажа и поставување на надгробни споменици и друга придружна инфраструктура) од страна на каменорезец се утврдува надоместок во износ од:

- 2.000,00 денари по извршена работа

Член 4

Надоместоците од оваа Одлука се уплатуваат на сметка на управителот на гробиштата пред започнување на активностите.

Член 5

Правните и физичките лица кои вршат дејности на гробиштата се должни:

- да ја почитуваат важечката законска регулатива
- да не ја оштетуваат комуналната инфраструктура
- да обезбедат непречено и достоинствено користење на гробиштата

Во случај на причинета штета, сторителот е должен истата да ја надомести согласно закон.

Член 6

Со денот на донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање Согласност на Одлука за утврдување на висина и наплата на надоместок за пристап и користење на комунална инфраструктура на гробиштата за операторите на погребални услуги, број 07-363 од 15.05.2013 година и Одлуката од 2006 година.

Член 7

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев